

Електродистрибуција ДООЕЛ е компанија чија главна дејност е дистрибуција на електрична енергија во Република Северна Македонија. Компанијата е дел од EVN групацијата.

---

## КАРИЕРА ВО ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА

За потребите на одделот Мерење и МДМ во група Системи за броила со далечинска комуникација, бараме:

# СПЕЦИЈАЛИСТ ЗА СИСТЕМИ ЗА БРОИЛА СО ДАЛЕЧИНСКА КОМУНИКАЦИЈА (М/Ж)

**Работни задачи:**

- Планирање и спроведување на процедури за набавка на броила со далечинска комуникација (GSM, GPRS, LTE, PLC и останати телекомуникациски технологии)
- Спроведување на евалуација на броила и модеми во однос на комуникацијата
- Водење статистика за квалитетот на далечинската комуникација кај броилата
- Спроведување на обуки за комуникација со броила
- Проверка и одржување на далечинската комуникација со постоечките броила/модеми инкорпорирани во системите за далечинска комуникација
- Внесување нови клиенти (броила / модеми), отчитување, исклучување / вклучување и изготвување на извештаи и биланси на ЕЕ во/од системите за далечинска комуникација
- Поддршка со податоци од броила (ЕВН АД, ЕВН Електрани, МЕПСО, ЕСМ, други снабдувачи на ЕЕ и повластени производители)

**Потребни компетенции**

- Високо образование - Електротехнички факултет
- Возачка дозвола Б категорија
- Познавање англиски јазик (пишан и говорен)
- Одлично познавање MS Office
- Одлични организациски и комуникациски способности
- Подготвеност за работа во тим и спроведување задачи во кратки рокови
- Желба за постојана надградба и учење

Доколку сте заинтересирани за кариера во Електродистрибуција, на jobs.elektrodistribucija@evn.mk испратете куса биографија и мотивационо писмо најдоцна до 09.02.2022.

**Напомена**: Доколку сакате Вашите податоци да бидат зачувани во нашата база на податоци согласно Законот за заштита на лични податоци, покрај биографијата и мотивациското писмо треба да испратите и изјава за дозвола за користење на лични податоци за потребите за вработување која ќе ја најдете на следниот линк https://www.evn.mk/Careers.aspx.

Електродистрибуција е компанија која нуди еднакви можности и правичен третман при вработување на сите лица без оглед на нивната раса, пол, религија, национална припадност, вид на попреченост или политичка припадност.

ensure обезбедува encourage охрабрува enable овозможува